| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како го мериме времето |
| **Содржина на денот** | Запознавање со пошта и поштар |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за тоа како да го одржиме нашиот организам здрав во зима и за време на вирус и грип, односно да се облекуваме потопло, да јадеме храна богата со витамини (овошје и зеленчук) да пиеме повеќе течности вода, природен сок и чај и да правиме прошетка на чист воздух во природа и на планина. |
| **Активности** | Најнапред со детето се разговара за неговата адреса и место на живеење. Потоа преку слики и апликации детето се запознава со поимите: пошта, поштар како професија, писмо и поштенско сандаче. Секој поим посебно се објаснува. Со детето се разговара и за патот на пратките и писмата. Откако детето ќе се запознае со овие поими може да нацрта разгледница за некое другарче.<br>- Се организира игра на улоги: „Пошта-поштар“.<br>За оваа игра една масичка ќе се опреми како шалтер во пошта, родителот ќе биде шалтерски работник кој ќе ги прима разгледниците, а детето ќе биде поштарот и ќе ги разнесува разгледниците или писмата до друго лице во семејството или до некоја кукла, мече и сл. |